**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 7
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 2 – работа со текст
**Наставна содржина:** Работа со табели
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за креирање и уредување на табела во документ
**Очекувани резултати:** Креира табела во документ
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, работа во парови, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, модифицира, креира табела

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** На табла цртам празна табела со одреден број редови и колони. **Преку дискусија учениците определуваат број на редови и колони на табелата и објаснуваат што се редови и што се колони.**
**Учечко – поучувачки активности:** Имаме еден исказ: Ива, Мила и Ања се другарки и имаат топчиња во боја. Ања има 10 црвени, 14 зелени и 11 сини топчиња. Ива има 8 зелени, 15 сини и 12 црвени топчиња. Мила има 9 сини, 13 зелени и 11 црвени топчиња. Овој исказ треба да го претставиме табеларно.

| | Сини | Зелени | Црвени |
|---|---|---|---|
| Ива | 15 | 8 | 12 |
| Мила | 9 | 13 | 11 |
| Ања | 11 | 14 | 10 |

Во учебникот по општество го читаме текстот на стр. 9 за соседите на Р. Македонија. (*Република Македонија на север граничи со Република Србија, со главен град Белград. Република Србија не излегува на море. Релјефот на Србија е разновиден. Климата главно е умерено - континентална.*
*Нашата татковина на југ граничи со Република Грција. Главен град е Атина. Таа е полуостровска и островска земја. Членка е на Европска Унија. Излегува на Егејско Море, Јонско Море, Јадранско Море и Средоземно Море. Релјефот на Грција е главно планински. Климата е средоземноморска и планинска.*
*Република Македонија на исток граничи со Република Бугарија, со главен град Софија. Бугарија е членка на Европската Унија. Низ Бугарија минува еден од најзначајните коридори на Балканскиот Полуостров. Бугарија излегува на Црно Море. Климата е приморска, умерено - континентална и планинска. Најголемиот дел од релјефот е планински.*
*Македонија на запад граничи со Република Албанија, со главен град Тирана. Албанија е медитеранска и балканска земја. Излегува на Јадранско и на Јонско Море. Климата во Република Албанија е средоземноморска и умерено-континентална. Релјефот е претежно планински.*
*На северозапад граничи со Република Косово со главен град Приштина. Релјефот на Република Косово е разновиден. Климата е континентална, со топли лета и ладни и снежни зими.)*
Од овој текст, табеларно треба да претставиме некои податоци за соседите на Р. Македонија:

| Назив на соседот | Граничи со Р. Македонија од... | Назив на главниот град | Назив на морето на кое излегува | Знаме |
|---|---|---|---|---|
| Р. Србија | Север | Белград | / | |
| Р. Бугарија | Исток | Софија | Црно Море | |
| Р. Грција | Југ | Атина | Егејско Море | |
| Р. Албанија | Запад | Тирана | Јадранско Море | |
| Р. Косово | Северозапад | Приштина | / | |

Во текстот нема информација за знаме, но на десктопот на училишните компјутери има датотеки со слики од знамињата на соседите на РМ, кои ќе ги вметнеме наредниот час.

obrazovanie.literatura.mk

Пред да креираме табела во документот, треба да испланираме колку редови и колони има.
Се отвора празен документ со OpenOffice Writer и со избор на Вметнување – Табела наведуваме број на редови и колони. Алтернативно истата табела може да ја креираме со кликање на иконата Табела во стандардниот алатник и со избор на бројот на редови и колони. Дијалог – прозорецот за вметнување табела е следниов:




АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Внесуваат празна табела како на сликата и ја пополнуваат




Празна табела




Пополнета табела

**Активности за евалуација:** Што знаеме со досегашните знаења да направиме, користејќи ја програмата OpenOffice Writer? Го снимаме документот што го креиравме овој час со задавање име и локација на датотеката.

obrazovanie.literatura.mk